# З А П И С Н И К

Од третата седница на Локалниот младински совет на Општина Виница, одржана на 19.11.2024 г., во просториите на Општина Виница, со почеток во 17:00 часот.

Присутни:

1. Слободанчо Ѓорѓиев
2. Клара Костадиновска
3. Филип Ѓорѓиевски
4. Сара Тасева
5. Димитар Панов

Седницата ја отвори и со неа заседаваше Слободанчо Ѓорѓиев, претседателот на Локалниот младински совет на Општина Виница. По констатирањето дека се присутни мнозинство членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог-Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на записничар
2. Усвојување на записникот од втората одржана седница на ЛМС
3. Изработка и усвојување на Предлог-Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Виница за 2025 година
4. Разно

Претседавачот отвори расправа по дневниот ред. Бидејќи немаше забелешки по истиот, го стави на гласање. Со 5 гласа за дневниот ред беше едногласно усвоен. По што се премина на работа по првата точка.

По отворената расправа, за записничар на оваа седница, Слободанчо Ѓорѓиев се самопредложи. Бидејќи немаше други предлози, претседавачот го стави предлогот на јавно гласање и едногласно беше усвоен предлогот.

По изборот на записничар, беше отворена расправа по втората точка. Бидејќи никој не се јави за дискусија и со никакви забелешки, записникот од втората одржана седница на ЛМС беше ставен на гласање и едногласно беше усвоен.

По што се премина кон работа за третата точка. Во дискусијата учествуваа сите членови на ЛМС и сите даваа предлози за изработка на предлог Програмата за работа на Локалниот младински совет за 2025 година. По изготвувањето на Предлог-програмата за работа на локалниот младински совет истата беше ставена на гласање за усвојување. Едногласно беше усвоена.

Откако беше исцрпена дискусијата по 3 точка, претседателот отвори расправа по однос на 4 точка. Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседавачот констатираше дека дневниот ред беше исцрпен, затворајќи ја третата седница на ЛМС на Општина Виница.

бр. 10-537

19.11.2024г.

Виница

Записничар

Слободанчо Ѓорѓиев

Претседател на ЛМС Виница

Слободанчо Ѓорѓиев

Членови на ЛМС Виница:

Клара Костадиновска
Филип Ѓорѓиевски
Сара Тасева
Димитар Панов